Инспектор од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 235 од Законот за социјалната заштита (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014,116/2014,180/2014 ,33/2015 , 72/2015, 104/2015 и 150/2015)), донесе

**З А К Л У Ч О К**

Постапката поведена по службена должност за вршење на вонреден инспекциски надзор во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација – Бања Банско, Струмица на ден 06.10.2015 година, се запира

**О б р а з л о ж е н и е**

Инспектор од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика изврши вонреден инспекциски надзор во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација – Бања Банско Струмица на ден 06.10.2015 година.

Инспекцискиот надзор е извршен над применувањето и спроведувањето на Законот за социјалната заштита (,,Службен весник на Република Македонија,, број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014,116/2014,180/2014,33/2015, 72/2015, 104/2015 и 150/2015)), и Законот за установите (,,Службен весник на Република Македонија“ број 32/2005, 120/2005 и 51/2011) подзаконските, поединечните и другите акти донесени врз нивна основа , во предметите за корисниците сместени во установата.

При инспекцискиот надзор не се констатирани неправилности во поглед на остварувањето и користењето на правото на сместување за што е составен записник број 16-9219/1 од 07.10.2015 година.

Со оглед на горе наведеното, согласно член 41 од Законот за инспекциски надзор (,,Службен весник на Република Македонија,, број 50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014 и 33/2015), се донесе заклучок како во диспозитивот

Жалбата не го задржува извршувањето на заклучокот согласно член 244 став 2 од Законот за социјалната заштита.

Заклучокот е донесен во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 07.10.2015 година под број 16- 9219/2

**Упатство за правно средство**: против овој заклучок може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 8 дена од денот на приемот на решението преку Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

**Инспектор за социјална заштита**
**Блага Челева**